РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-1913/3
20.08.2024 год.

# ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
# УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА Г.П. 1.10, ВО МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА 2, КО ЌОЈЛИЈА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за планирање, проектирање, изведба инженеринг СТАНарт КУМАНОВО,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-1913/1 од 22.07.2024г., за одобрување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за Г.П. 1.10, во мултифункционална зона 2, КО Ќојлија Општина Петровец,** со технички бр. 34.01.07/24 изработен од Друштво за планирање, проектирање, изведба инженеринг СТАНарт КУМАНОВО.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за планирање, проектирање, изведба инженеринг СТАНарт КУМАНОВО, поднесе барање за одобрување на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за Г.П. 1.10, во мултифункционална зона 2, КО Ќојлија Општина Петровец, со технички бр. со технички бр. 34.01.07/24 изработен од Друштво за планирање, проектирање, изведба инженеринг СТАНарт КУМАНОВО.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Урбанистички проект (pdf.dwg)

8. Ревизија на Урбанистички проект

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште со тех.бр. 34.01.07/24 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-1913/2 од 15.08.2024 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

---

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ПЕТРОВЕЦ ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ